# З А П И С Н И К
## Од Дваесет и петтата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 30.12.2025 година, во 10:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Дваесет и петтата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Томислав Кежаровски, Беким Лачи, Марјан Велевски, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани и Лазо Трпков*

Онлајн присутни на седницата: *Миле Грозданоски, Музбајдин Ќамиљи, Маја Седрак и Владимир Палашевски.*

Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски Директор на МРТ и Виолета Димеска Раководител на одделението за планирање и реализација на буџети на МРТ.*

Дваесет и петтата седница на Програмскиот совет започна во 10:19 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Дваесет и петтата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување на приговор Денис Шабани**
2. **Разгледување на жалба Кире Тонев**
3. **Разгледување на жалба Андријана Ѓурчевска**
4. **Приговор на Записник од 18-та седница – Синдикална организација при МРТ**
5. **Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во период од 01.01 до 31.03.2025 година**
6. **Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во период од 01.04 до 30.06.2025 година**
7. **Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во период од 01.07 до 30.09.2025 година**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување на приговор на Денис Шабани**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја отвори првата точка од Дневниот ред, која се однесува на разгледување на приговорот поднесен од вработениот Денис Шабани против Решението за суспензија.

Најнапред тој укажа дека до Програмскиот совет е доставена целокупната релевантна документација по предметот, вклучително и Решението за суспензија, решението за поведување дисциплинска постапка, приговорот на вработениот и прилозите доставени во прилог на истиот. Со оглед на тоа, а имајќи го предвид обемот и содржината на доставените материјали, се оцени дека се обезбедени сите услови Програмскиот совет целосно, објективно и законито да постапи и да одлучи по приговорот, без потреба од лично присуство на вработениот на седницата, при што правото на изјаснување е обезбедено во писмена форма.

Дополнително, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ги информираше членовите на Советот дека е подготвен предлог-одговор на барањето на вработениот Денис Шабани, кој им го достави на увид како прилог на материјалите за тековната седница и предложи Програмскиот совет да се изјасни по истиот со соодветен заклучок. Воедно се констатираше дека станува збор за прашање што претставува составен дел од оваа точка од Дневниот ред и не отвора нова постапка.

Материјалите по оваа точка беа доставени на сите членови на Програмскиот совет. Во таа смисла, Претседателот ја отвори дискусијата и даде збор на членовите на Советот за нивни прашања, забелешки или коментари во однос на приговорот и доставената документација.

Прв зема збор Миле Грозданоски кој рече дека Денис Шабани го познава одамна и дека е добар во својата работа како спортски коментатор и дека неговата постапка сигурно била резултат на незадоволство, но дека не постапил по исправен начин.

Следен зема збор Директорот на МРТ Марјан Цветковски, кој образложи дека тоа што го сторил Денис Шабани е вовлекување на МРТ во меѓуетнички процес и дискриминација по основ на национална основа, што тоа никогаш не било пракса во МРТ. Тој истакна дека МРТ е сериозна институција во која работат лица од повеќе националности и никогаш никој не се пожалил дека е дискриминиран по тој основ, туку напротив сите вработени имаат еднаков третман.
Воедно, тој рече и дека се обидел во неколку наврати да разговара со Денис Шабани за да му посочи дека прави грешка, но не успеал во намерата. Директорот Марјан Цветковски

напомена дека е човечки да се погреши, но грешката што ја направил Денис Шабани сеуште трае и се продлабочува.

Понатаму зема збор Томислав Кежаровски кој рече дека темата за која се расправа е сериозна и дека се согласува со предлог-одговорот на барањето на вработениот Денис Шабани, но тој предложи да се повика Денис Шабани како би можел Советот да го слушне неговиот мотив за стореното.

Претседателот Давор Пашоски рече дека правото на изјаснување на вработениот е целосно обезбедено во писмена форма во текот на постапката. Програмскиот совет располага со целокупната релевантна документација и одлучува врз основа на доставените акти и докази. Законот не предвидува обврска за лично присуство на вработениот на седница на Советот при одлучување по приговор.

Следен зема збор Беким Лачи кој праша дали постои некаков претходно доставен писмен траг во кој се бара присуство на Европско првенство од страна на лицето Денис Шабани?

Директорот на МРТ Марјан Цветковски одговори дека досега нема официјален документ на темата Европско првенство.

Потоа зема збор Лазо Трпков кој рече дека до членовите на Советот се уредно доставени материјали коишто сите требало да ги прочитаат, а не секој што има некаква жалба поднесена до Програмскиот совет да го викаат и да го слушаат нивното излагање, односно дека Советот нема таква надлежност. Воедно постави прашање дали во минатото имало слични пријави?

Директорот на МРТ Марјан Цветковски одговори дека секој може да каже што сака, но во МРТ се работи врз основа на документи кои поминуваат преку Архивата на МРТ и доколку се разгледаат сите документи наназад во Архивата, нема да се најде барање доставено од кој било што побарал да оди на некаков настан, а да не му било одобрено. Освен во исклучителни ситуации, доколку има одлука дека нема доволно финансиски средства за покривање на некаков настан.

Воедно, конкретно за овој спортски настан Директорот Марјан Цветковски го известил Вториот програмски сервис на МРТ да поднесе барање за билети, но до денот на одржување на оваа седница, не е пристигнато никакво барање.

Понатаму збор зема Билјана Бабиќ која напомена дека денешната седница нема потреба да навлегуваме во детали, дискусија за казни, акредитации и слично, затоа што на оваа седница се дебатира за суспензијата на Денис Шабани дали да се усвои или не, а понатаму Комисијата

ќе одлучува по однос на дисциплинската постапка против него. Па доколку има некаква казна и Програмскиот совет добие жалба ќе се дебатира за оправданоста на истата. Таа додаде дека обврска на Програмскиот совет е да ја заштити МРТВ од евентуални судски постапки од вработените кои би можеле да бидат изгубени.

Следен се јави за збор Патриот Лумани кој праша зошто по дописот кој е поднесен од страна на Денис Шабани, веднаш е изготвена суспензија?

Директорот Марјан Цветковски образложи дека тоа е сторено поради тоа што Денис Шабани се претставува лажно, односно тој се преставува како Уредник на спортска редакција на МРТ2, а всушност е Новинар 1 во спортската редакција на МРТ2.

Потоа збор побара Музбајдин Ќамиљи кој се согласи дека секој кој лажно се претставува или пак ќе стори прекршок со кој го уназадува работењето на МРТ треба да биде казнет.

Следна зема збор Ивана Ефремовски која рече дека во целост се согласува со текстот од предлог-одговорот кој беше доставен од претседателот Пашоски кон барањето на Денис Шабани. Таа потенцира дека тој одговор треба да биде и поука дека овој состав на Програмскиот совет нема да дозволи дискриминација кон, но и од страна на ниту еден вработен по било кој основ. Таа истакна дека детално ја разгледала целосната документација која на членовите на ПС им беше доставена за овој случај и оцени дека според неа се губи смислата на првичниот проблем кој Шабани го наведува и посочи дека според неа тука е проблемот за нерасчистени лични односи и несогласувања кои апелираше вработените да си ги решаваат меѓусебно и навремено, со цел да не се нанесува штета во функционирањето и работењето.

Понатаму се јави за збор Маја Седрак која рече дека во целост се согласува со Ивана Ефремовски, воедно потенцирајќи дека дискусијата не треба да се води кон меѓуетничка дискриминација.

Потоа, Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски го стави на усвојување заклучокот по однос на подготвениот предлог-одговор.

Претседателот го стави Заклучокот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Врз основа на спроведеното гласање, Програмскиот совет со заклучок го усвои предлог-одговорот на барањето на вработениот Денис Шабани и ја задолжи Стручната служба истиот да го достави до вработениот.

По спроведеното гласање и усвојувањето на заклучокот, беше даден краток осврт на предметот и на наводите содржани во приговорот, при што беа сумирани клучните факти и релевантните правни аспекти.

По извршениот увид во целокупната документација, Програмскиот совет утврди дека Решението за суспензија е донесено врз јасен и правилно применет законски основ, односно согласно член 37-у став 4 од Законот за јавните претпријатија.

Во конкретниот случај, неспорно е дека против вработениот е поведена дисциплинска постапка за дисциплински престап, што претставува прв законски предуслов за изрекување на мерката суспензија. Дополнително, Советот оцени дека природата на наводите во дисциплинската постапка и нивната поврзаност со статусот и работните обврски на вработениот како давател на јавна услуга создаваат реален ризик од негативно влијание врз угледот и функционирањето на јавното претпријатие, како и врз интегритетот на самата постапка, доколку вработениот продолжи со извршување на работните задачи додека трае дисциплинската постапка.

Во таа смисла, Советот оцени дека се исполнети кумулативно двата законски услови за изрекување на мерката суспензија и дека истата претставува привремена и превентивна мерка, а не санкција.

Во однос на наводите во приговорот со кои се тврди дека со донесувањето на Решението за суспензија постои елемент на дискриминација, мобинг или виктимизација, Програмскиот совет утврди дека истите се неосновани. Имено, писмото на вработениот на кое се повикува приговорот претставува барање и иницијатива за институционално појаснување и постапување, а не формална претставка или пријава за дискриминација или мобинг поднесена пред надлежен орган.

По разгледувањето на приговорот, Советот утврди дека истиот не содржи нови факти или докази со кои би се довела во прашање законитоста или основаноста на донесеното Решение за суспензија.

Дополнително, беше укажано дека мерката суспензија има привремен карактер и не претставува прејудицирање на вина. Од тие причини, Програмскиот совет ја задолжи надлежната дисциплинска комисија дисциплинската постапка да ја спроведе ефикасно и без непотребно одлагање, односно во разумен и краток рок да донесе одлука, со цел целосна заштита на правата и правната сигурност на вработениот.

По разгледувањето на доставените материјали и извршениот осврт на предметот, се пристапи кон изјаснување на членовите на Програмскиот совет по приговорот на вработениот Денис Шабани, како и по Решението за суспензија.

Беким Лачи истакна дека Советот треба да заземе заеднички став по однос на Одлуката, при што нагласи дека негов личен став е да не се испраќа погрешна порака до вработените во МРТ, како и дека Комисијата треба да одлучи во најкраток можен рок по однос на дисциплинската мерка, со цел да не трпи програмата на МРТ2. Според него, изнесената аргументација му дала основ да смета дека изречената суспензија треба да остане на сила, при што е особено важно постапката да биде ефикасна и навремено завршена.

Бурим Рамадани се согласи и рече дека суспензијата треба да остане, а Комисијата во најкраток можен рок да одлучи со поблага дисциплинска мерка.

Ивана Ефремовски посочи дека никој не смее лажно да се претставува и дека за неа не е дилема дали Денис Шабани ќе го повтори делото, туку дали евентуално тргнување на суспензијата за овој вработен, би било сфатено како одобрение за лажно претставување и од страна на некој друг вработен, во иднина, кој би се надевал дека ќе помине без санкција.

Билјана Бабиќ се согласи дека суспензијата треба да остане со оглед дека Шабани иако има решение за суспензија продолжил да се претставува лажно, односно веќе го повторува делото за кое е суспендиран.

Имајќи го предвид сето наведено, Претседателот на Програмскиот совет ја стави на гласање Предлог-одлуката со која мерката суспензија останува на сила, а надлежната дисциплинска комисија се задолжува по однос на дисциплинската мерка да се изјасни во најкраток можен рок.

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Патриот Лумани гласаше против**

Врз основа на спроведеното гласање, Програмскиот совет донесе Одлука со која мерката суспензија останува на сила, а надлежната дисциплинска комисија се задолжува по однос на дисциплинската мерка да се изјасни во најкраток можен рок.

**Точка 2. Разгледување на жалба Кире Тонев**

Претседателот ја отвори втората точка од Дневниот ред, што се однесува на разгледување на жалбата поднесена од вработениот Кире Тонев.

Најнапред тој укажа дека во својата жалба вработениот бара присуство на седницата на Програмскиот совет на која се одлучува по неговата жалба. Во таа насока, тој појасни дека неговото присуство на тековната седница не е неопходно, имајќи предвид дека до Програмскиот совет е доставена целокупната релевантна документација по предметот, вклучително и неговото писмено изјаснување. Со тоа се обезбедени сите услови Советот целосно, објективно и законито да постапи и да одлучи по жалбата, без потреба од лично присуство на вработениот.

Материјалите по оваа точка беа доставени на сите членови на Програмскиот совет. Во таа смисла, тој отвори дискусија и даде збор на членовите на Советот.

Збор зема Маја Седрак која рече дека се работи за дисциплинска мерка која е мала и дека тоа што тој го направил е неуредно и смета дека не е во ред напушатање на работното место.

Билјана Бабиќ рече дека Кире Тонев се повикува на здравствен проблем, но тој нема доказ дека истиот ден, ниту пак наредниот се јавил на лекар, ниту во Охрид, каде што бил во моментот на работа, ниту пак кога се вратил во Скопје. Тој доставува доказ дека се јавил на лекар дури после еден месец и половина откога се случил настанот, што не дава оправданост за неговата постапка.

Томислав Кежаровски постави прашање дали навистина бил 11 часа на работа?

Во однос на ова прашање, Претседателот Давор Пашоски укажа дека и самиот вработен наведува дека согласно неделниот план за работа бил распореден на наведената работна задача.

Потоа зема збор Марјан Велевски кој рече дека конкретно во Охрид веќе 20 години се снима Охридски маратон и има извештаи во кои сите години снимањето е по 11 или 12 часа.

На ова се надоврза Директорот на МРТ Марјан Цветковски кој рече дека сите настани кои се надвор од Скопје, вработените кои ги работата тие настани им се врши исплата за прекувремена работа, воедно сето тоа е во согласност со Закон и се распоредени со неделни планови за работа и тоа важи за сите вработени кои ја работат таа работа.

Понатаму се надоврза Миле Грозданоски кој исто така појасни дека за одредени настани, големи преноси, вработените имаат работа и по 15 часа, но тоа не е секој ден.

По завршување на дискусијата, беше даден краток осврт на предметот, при што беа сумирани клучните факти и релевантните правни аспекти.

По извршениот увид во целокупната документација, беше констатирано дека во конкретниот случај дисциплинската постапка е поведена со законски основ и спроведена согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија.
Писмениот извештај за дисциплинска неуредност е доставен од непосредниот претпоставен на вработениот, што е во согласност со законските услови за поведување на постапката. Како доказ за сторената полесна повреда, во предметот е користена и изјава од уредник на спортска редакција, која има за цел утврдување на фактичката состојба и не ја доведува во прашање законитоста на постапката.
Исто така, неспорно е утврдено дека постоел неделен план за распоред на сниматели, во кој вработениот Кире Тонев бил јасно распореден на конкретната задача. Постоењето на овој распоред е потврдено и од самиот вработен во жалбата, со што е утврдена неговата работна обврска за конкретниот ангажман.
Во постапката е целосно почитувано и правото на одбрана. Вработениот бил писмено известен за наводите, му било дадено право да се изјасни, а неговото изјаснување е земено предвид при донесувањето на Решението. Со тоа се исполнети процесните предуслови за законито водење на дисциплинската постапка.
Во однос на доставениот медицински извештај, истиот е земен во предвид како околност, меѓутоа беше оценето дека тој сам по себе не ја исклучува дисциплинската одговорност, особено имајќи ја предвид временската разлика помеѓу настанот за кој се води дисциплинската постапка (30.08.2025 година) и издавањето на медицинскиот извештај (09.10.2025 година), како и фактот дека во моментот на извршување на работната задача постоела јасна работна обврска, без формално одобрение за прекин на задачата.

Имајќи го предвид сето наведено, Претседателот на Програмскиот совет ја стави на гласање Предлог-одлуката по жалбата на вработениот Кире Тонев, со која се предвидува одбивање на жалбата и потврдување на Решението за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност.

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Томислав Кежаровски гласаше против**

Врз основа на спроведеното гласање, Програмскиот совет донесе Одлука со која жалбата на вработениот Кире Тонев се одбива како неоснована и се потврдува Решението за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност.

**Точка 3. Разгледување на жалба Андријана Ѓурчевска**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред, која се однесува на разгледување на жалбата поднесена од вработената Андријана Ѓурчевска.

Најнапред тој укажа дека во својата жалба, вработената изразува барање да присуствува на седницата на Програмскиот совет на која се разгледува нејзината жалба. Во таа насока, тој рече дека не постои потреба од нејзино присуство, имајќи предвид дека до Советот е доставена целокупната релевантна документација по предметот, вклучително и нејзините писмени наводи и изјаснување, што овозможува целосно, објективно и информирано разгледување и одлучување по жалбата.

По оваа точка, до Програмскиот совет е доставена жалбата на вработената, заедно со целокупната придружна документација, при разгледувањето се имаа предвид и одредбите од Законот за јавни претпријатија кои се однесуваат на дисциплинската одговорност.

Од увидот во предметот произлегува дека жалбата се однесува на изречена дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност, при што жалителот укажува на низа околности поврзани со конкретниот настан и на начинот на постапување.

Материјалите по оваа точка им беа доставени на сите членови на Програмскиот совет. Претседателот отвори дискусија и им даде збор на членовите на Советот за нивни коментари, забелешки или прашања во однос на жалбата и доставената документација.

Ивана Ефремовски зема збор и посочи дека таа како новинар-репортер со 15-годишно работно искуство, не може да поддржи било кој колега новинар да биде казнет поради фактот што не поставил прашање. Таа потенцира дека новинарите секојдневно на терен се соочуваат со непредвидливи ситуации кои не можат да се испланираат и дека на конкретниот настан функционерот од кој новинарката требало да земе изјава, воопшто не земал збор за време на изјавите. Кажа дека ќе гласа за уважување на жалбата од страна на Андријана Ѓурческа затоа што, според неа, новинарката не направила никакво прекршување. Ефремовски потенцира дека и во овој случај, разгледувајќи ја целосната документација, оценува дека непоставувањето на прашање не е главниот проблем. Во дописите кои ги добила како член на ПС на МРТ, таа наведува дека воочува проблем во односите меѓу новинар и уредник и апелираше на подобрување на меѓусебна комуникација со цел непречено и професионално завршување на работните обврски,  за да не доаѓа до вакви ситуации.

Потоа зема збор Беким Лачи кој се согласи во целост со Ивана Ефремовски и рече дека некогаш е невозможно да се постави прашање.

Следна зема збор Билјана Бабиќ која рече дека доколку на терен не успеала да постави прашање, истото можело да се изврши линковски, со оглед дека веќе било зборувано со соговорникот да даде изјави и на тој начин МРТ да добие ексклузивна. Според неа наместо да има дебата меѓу уредникот и новинарот, времето требало да се искористи за договарање на линковско вклучување. Како новинар, смета дека нема основ за поведување дисциплинска постапка против новинар за непоставување прашање со оглед дека не секогаш постои можност за тоа, а во видеото од настанот јасно се гледа дека Клековски воопшто не одговарал на новинарски прашања. Воедно, зборувајќи како уредник, таа напомена дека новинар не смее да си дозволи непочитување кон уредникот, посебно навредување и дрско однесување кон истиот и воедно посочи дека новинарката мора да биде опомената за нејзиното однесување кон уредникот.

Директорот Цветковски посочи дека на новинарката не и е првпат така да се однесува, на што Бабиќ посочи дека за тоа нема никакви докази, а од друга страна Ѓурчевска, во нејзината жалба, посочува дека нејзиниот уредник Трпчевски има дадено највисоки оцени за нејзината работа.

По дискусијата беше даден краток осврт на предметот, при што беа сумирани клучните факти и правните аспекти.

По разгледувањето на жалбата и целокупната документација, беше оценето дека во конкретниот случај постојат основи жалбата на вработената Андријана Ѓурчевска да се уважи.
При оценката беа земени предвид природата на настанот, специфичноста на новинарската работа, како и околностите под кои настанала ситуацијата што била предмет на дисциплинската постапка.
Дополнително, беа земени предвид и олеснителните околности, како и фактот дека станува збор за изолиран настан, без претходно утврдени дисциплински постапки или прекршувања од страна на вработената.

Имајќи го предвид сето наведено, беше заклучено дека изречената дисциплинска мерка не е соодветна и дека Решението на првостепениот орган треба да се поништи.

Во таа насока, беше оценето дека е оправдано Програмскиот совет да донесе Одлука со која ќе се уважи жалбата на вработената Андријана Ѓурчевска и ќе се поништи првостепеното Решение, без изрекување дисциплинска мерка. Притоа Советот укажа на потребата од доследно почитување на професионалните и етичките стандарди во новинарската работа, особено во делот на професионалниот пристап, одговорното постапување и придржувањето кон договорениот начин на работа и комуникација во рамки на редакцијата, во контекст на воспоставената организација на работниот процес, како и на важноста од навремена и јасна

комуникација и соодветна координација, со цел избегнување на слични ситуации во иднина и унапредување на вкупниот квалитет на програмските содржини.

Имајќи го предвид сето наведено, Претседателот на Програмскиот совет ја стави на гласање Предлог-одлуката за уважување на жалбата на вработената Андријана Ѓурчевска и поништување на првостепеното Решение.

Претседателот ја стави Предлог-одлуката на гласање:

- **За гласаа 10 (десет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Лазо Трпков и Бурим Рамадани гласаа против**
- **Патриот Лумани гласаше воздржан**

Врз основа на спроведеното гласање, Програмскиот совет донесе Одлука со која се уважува жалбата на вработената Андријана Ѓурчевска и се поништува првостепеното Решение.

**Точка 4. Приговор на Записник од 18-та седница – Синдикална организација при МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори четвртата точка од Дневниот ред, што се однесува на разгледување на приговорот поднесен од Синдикалната организација при МРТ на Записникот од 18-та седница на Програмскиот совет.

Во прилог на оваа точка, на членовите на Советот им е доставен приговорот на Синдикалната организација при МРТ со цел Советот да изврши проценка дали записникот веродостојно го отсликува текот на седницата и изнесените ставови.

Претседателот потсети дека записникот, по својата природа, претставува краток и содржински преглед на текот на седницата и изнесените ставови, а не стенограм или правна анализа на дискусиите. Оттука, приговорите може да бидат прифатени исклучиво доколку се однесуваат на очигледни пропусти, погрешно пренесени ставови или потреба од кратко појаснување, но не и доколку бараат проширување или интерпретација на дискусијата.

По извршениот увид во приговорот и во самиот Записник, тој рече дека смета дека приговорот е делумно основан, исклучиво во делот каде е оправдано кратко да се дополни записникот со цел појасно отсликување на дел од изнесените прашања и ставови од страна на претставниците на Синдикалната организација при МРТ.

Во останатиот дел, приговорот не може да се прифати, бидејќи се однесува на барања за детално наведување на правни аргументи, вредносни оценки и целосно внесување на приговорот како составен дел од записникот, што не е во согласност со природата и функцијата на записникот.

Во таа насока, предожи Програмскиот совет да донесе заклучок со кој приговорот ќе се прифати делумно, а Записникот од 18-та седница ќе се дополни со кратки, прецизни и процедурални формулации, без измена на суштината и текот на седницата.

Во продолжение, заради прецизност и појасно отсликување на дел од изнесените ставови, тој го презентираше предлог-текстот за дополнување на Записникот од 18-та седница, кој е предмет на одлучување по оваа точка.
Во делот на излагањата на Синдикалната организација при МРТ, се додава следниот текст:
„Претседателката на Синдикалната организација при МРТ постави дополнителни прашања во врска со постапката за систематизација и статусот на одредени интерни акти, при што побара појаснувања и дополнителни информации од страна на менаџментот“.
„Дополнително, претставничката на Синдикалната организација изнесе ставови во однос на прашањето за репрезентативноста на синдикатите, повикувајќи се на законски одредби, при што беше нагласена потребата од појаснување на постојната состојба“.

Програмскиот совет го разгледа приговорот на Синдикалната организација при МРТ на Записникот од 18-та седница и утврди дека истиот е делумно основан. Советот одлучи да го прифати приговорот во делот што се однесува на појасно отсликување на дел од изнесените ставови, а во останатиот дел приговорот не се прифаќа.

Во таа смисла, Претседателот Давор Пашоски ја стави на гласање одлуката за делумно прифаќање на приговорот и соодветно дополнување на Записникот од 18-та седница.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 5. Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во период од 01.01 до 31.03.2025 година**

Понатаму Претседателот ја отвори петтата точка од Дневниот ред, која се однесува на разгледување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот од 1 јануари до 31 март 2025 година.

Извештајот е изготвен согласно законските обврски и ги прикажува финансиските текови, состојбата и реализираните активности во првиот квартал од 2025 година. Истиот претходно е разгледан од страна на Надзорниот одбор на МРТ, кој согласно своите законски и статутарни надлежности е одговорен за надзор и контрола на материјално-финансиското работење на јавниот сервис, и по истиот е донесен заклучок со кој е дадена согласност.

Раководителот на Одделението за планирање и буџет на МРТ Виолета Димеска ги образложи Извештаите за финансиското работење на МРТ за првите три квартали и рече дека во нив е наведена содржина за остварените приходи, расходи, состојба на побарувањата и вработени.

Остварените приходи најнапред се по основ на радиодифузна дејност, понатаму маркетинг, а посебно во зимскиот период кога има најмногу спортска програма, останатите приходи се тековни и со пониски износи.
Расходите се по основ на јавни набавки и реализација на програма, а останатите расходи се по основ на плата, дневници, членарина и слично.
По основ на јавните набавки, тендерите се со сукцесивни набавки, па така во периодите каде што е помалку потребно, помалку се набавува, воедно и фактурите што пристигнуваат, некои од нив се со задоцнување, но на крајот на годината сето тоа се изедначува. Во врска со бројот на вработени, состојбата со 30.09.2025 година покажала дека во МРТ се вработени 598 лица, нови вработувања нема веќе две години, поради тоа што МРТ нема добиено согласност од Министерството за финансии.

Потоа, Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски истакна дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот од 01.01 до 31.03.2025 година претходно бил разгледан од страна на Надзорниот одбор на МРТ и дека за истиот е дадена согласност. Имајќи предвид дека не постојат отворени процедурални или суштински прашања, Претседателот го стави на гласање Предлогот за усвојување на Извештајот.

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Томислав Кежаровски гласаше воздржан**

**Точка 6. Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во период од 01.04 до 30.06.2025 година**

Претседателот ја отвори точка 6 од Дневниот ред, која се однесува на разгледување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот од 1 април до 30 јуни 2025 година.

Извештајот е изготвен во согласност со законските обврски и ги прикажува приходите, расходите и финансиската состојба на ЈРП МРТ во вториот квартал од 2025 година. Согласно своите законски и статутарни надлежности во делот на материјално-финансиското работење, Надзорниот одбор на МРТ го разгледал извештајот, донел заклучок и дал согласност, која е доставена во прилог на материјалите за оваа седница.

Материјалите по оваа точка им беа доставени на сите членови на Програмскиот совет. Во таа смисла, беше дадена можност за дискусија и за поставување прашања, забелешки или коментари по однос на Извештајот, при што не беа изнесени дополнителни забелешки или коментари.

Со оглед дека се исполнети сите процедурални услови и дека е прибавено мислење и согласност од Надзорниот одбор, Претседателот го стави на гласање Предлогот за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот 01.04–30.06.2025 година.

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Томислав Кежаровски гласаше воздржан**

**Точка 7. Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во период од 01.07 до 30.09.2025 година**

Претседателот ја отвори точка 7 од Дневниот ред – Разгледување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот од 1 јули до 30 септември 2025 година.
Извештајот е доставен и е изготвен во согласност со законските обврски, при што ја отсликува финансиската состојба и реализираните активности на ЈРП МРТ во третиот квартал од 2025 година.

Во согласност со член 51 од Статутот на МРТ и законските надлежности, Надзорниот одбор на МРТ го разгледал извештајот од аспект на материјално-финансиското работење, донел соодветен заклучок и дал согласност по истиот, што претставува предуслов за негово разгледување и усвојување од страна на Програмскиот совет.

Материјалите по оваа точка им беа доставени на сите членови на Програмскиот совет. Во таа смисла, беше дадена можност за дискусија и за поставување евентуални прашања, забелешки или коментари по однос на доставениот Извештај.

Имајќи ја предвид доставената документација, како и дадената согласност од Надзорниот одбор, Претседателот го стави на гласање Предлогот за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот 01.07–30.09.2025 година.

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Томислав Кежаровски гласаше воздржан**

На самиот крај, Претседателот Давор Пашоски ги честиташе претстојните празници, со искрени желби за добро здравје, среќа и успех на членовите на Советот и другите присутни на седницата и на нивните семејства.
Со надеж дека 2026 година ќе продолжи во духот на конструктивна соработка и мудро носење одлуки, и со уверување дека заедничката работа на Програмскиот совет ќе придонесе за понатамошен напредок, стабилност и јакнење на улогата на Македонската радио-телевизија како вистински јавен сервис во интерес на граѓаните.

Воедно Програмскиот совет на вработените во Македонската радио-телевизија им ја честита Новата година, со искрени желби за здравје, успех и континуиран професионален ангажман, упатувајќи благодарност и признание за нивната досегашна посветеност и остварените резултати, како и со надеж за уште подобри резултати и нови достигнувања во Новата година.

Исто така, на граѓаните им се упатуваат честитки по повод Новата година, со желби за мирна, среќна и успешна 2026 година, при што Програмскиот совет изразува уверување во својата континуирана посветеност на јакнење на улогата на јавниот сервис во целина, преку унапредување и поддршка на програмските стандарди и принципи од јавен интерес, во служба на сите граѓани.

Среќни празници на сите.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја затвори Дваесет и петтата седница во 12:31 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-7357/9
30.12.2025г.

______________________
Давор Пашоски